

***Основоположникот на македонската литература за деца и млади Ванчо Николески, преку здружението „Мацково“, седум година го организира Балканскиот поетски камп за млади “Ванчо Николески”, единствената таква манифестација на Балкланот. Се одржува под мотото „Симболично обединување на Вардар, Пирин, Егеј и Мала Преспа”.***

Една од мисиите на манифестациите е преку поезијата на Николески, да бидат прегрнати четирите дела на етничка Македпонија. Во таа смисла, минатогодишната манифестацоја, беше организирана и се одржа под мотото „Симболично обединување на Вардар, Пирин, Егеј и Мала Преспа”, Традиционално, започнува во селото Лескоец крај Охрид, во основното училиште кое го носи името на Ванчо Николески, а се одржува во Охрид,Струга, Вевчани,  Белчишта и Црвена Вода, а минатат година, за прв пат се одржа во  Пустец, Мала Преспа, во Албанија.

Светлината на оваа манифестацие е што насекаде се  рецитираат, се читаат и учат песни на македонски јазик.  Така, минатата година, на манифестации, покрај децата, беа присутни и првите луѓе на Македонските асоцијации од Бугарија, Грција и Албанија, потоа македонисти  кои работат за македонското дело и други видни личности.

Инаку, секоја година, учесниците на Балканскиот поетски камп за млади “Ванчо Николески”,  положуваат цвеќе на вечното почивалиште на Ванчо Николески во Охрид, редовно ги примаат градоначалниците на општините, Охрид, Дебрца и Вевчани, а во Белчичта ја  разгледуваат богатата галерија од Уметничката колонија „Дебрца“, најстара во Македонија.Во селото Црвена Вода, пак, учесниците ја посетуваат родната куќа на Ванчо Николески и Спомен собата во учичишната зграда.

За одбележување е тоа што во 2024 година, еден ден учесниците беа во Мала Преспа, Албанија, кадешто живеат етнички Македонци, како гости на своите врсници, ученици во училиштето во Пустец. Централниот прекуграничен настан беше организиран во

селото Глобочани, родното место на Стерјо Спасе, познат литературен деец од Албанија, со македонско етничко потекло, како поетска работилница, водена од поетот, проф.д-р Христо Петрески.



*Членови на Кампот со претседателката Гордана Сиљаноска - Дафкова*

Организаторите планираат, годинава, еден ден Кампот да се одржи на територијата Во Долна Преспа, на брегот на Преспанското Езеро, регион кој е кај југниот сосед,  каде

живеат Македонци. Притоа, Павлос Васкопулос Филипов, од Лерин, вели дека расте интересот за изучување на македонскиот јазик во Грција, иако грчката држава се’ уште официјално не дозволува училишта на македонски јазик.

„Сите свесни Македонци, македонски семејства се интересираат и ќе го прават тоа што им налага достоинството.  Многу млади учествуваат во културните манифестации и панаѓури во селата, играат и слушаат македонски песни, но треба и чекор напред“, вели Павле Васкополус , член на претседателството на „Виножито“ од Лерин.

Притоа, треба да се нагласи дека мисијата на Балканскиот поетски камп за млади “Ванчо Николески”,  е да се отстранат притисоците врз Македонците во соседните земји, Грција, Бугарија и Албанија.

„Ние сме континуирано под притисок најмногу последните години од 2017 година, од кога се произнесе бугарско малцинство кое не постои и од тогаш тој притисок е поинтензивен најмногу во овие последни 2 -3 години. Сега Бугарија ја легитимира својата политика, успеа на пописот во Албанија да извади Бугари и да настапи уште пожестоко за да ги асимилира Македонците во Албанија“, вели Васил Стерјовски, претседател на македонската партија во Албанија.

Меѓутоа, факт е дека сите  го помагаат Балканскиот поетски камп за млади “Ванчо Николески” во Охрид и нагласуваат дека истиот  симболично  ги спојува Егејот, Пиринот, Вардарот и Мала Преспа.

Исто така, здужението „Мацково“, кое го носи името на родниот крај на Ванчо Николески, како дел од селото Црвена Вода, има  воспоставено прекугранична соработка со Органиазијата за литературна и културна активност од Корча, Албанија, која е  коорганизатор на манифестациите во Мала Преспа.

Притоа, учесниците на средбата во Долна Преспа имаа прием кај градоначалникот на Општина Пустец, Пали Колески, а ја посетија  гимназијата во Пустец и музејот “Стерјо Спасе” во Глобочани.




*На средба со предсетателот на Општина Пустец*

Инаку, Балканскиот поетски камп за деца и млади „Ванчо Николески“ се одржува под покровителство на Светската академија на поезијата при УНЕСКО, со седиште во Верона, Италија, додека, финансиски е помогната од Општините Охрид и Дебрца, како и од спонзори и помагатели.

Со учесниците на ова значајна манифестација од Балканскиот поетски камп за млади “Ванчо Николески”, во 2024 година се сретна и претседателката на Република Македонија, Гордана Сиљаноска Дафкова, како што пред тоа пет години го правеше поранешниот претседател - Стево Пендаровски

За жал Министерството за култура, и покрај тоа што Кампот го користи како референца за свои потреби, објавувајќи информации на својата официјална страница, втора година одбива да го финасира.

Меѓутоа, името и делото на Ванчо Николески посебно се слави и во Австралија, од каде, во име на Литературното друштво “Ванчо Николески”, со снимена видео порака Тоа што не се препознава овде, се препознава во далечна Австралија. Младинското литературно друштво “Ванчо Николески” од Квинбејан, далечна Австралија, со богата програма посветена на патронот, веќе, прослави осум години постоење.

Во Австралија се собират љубители на македонскиот пишан збор, се игра орото со КУД " Разиграна Македонка" и се рецитира поезија создадена од Ванчо Николески. Пример за тоа како треба да се сакаат и почитуваат Македонија, македнскиот јазик, културата и традицијата во иселеништвото. Тоа го прават со основоположникот на литературата за деца и млади Ванчо Николески, авторот на прва збирка песни за деца на македонски јазик, 1946 година, „Македонче“, како и на други бројни дела, меѓу кои, романите “Волшебното самарче” и “Гоце Делчев”, кои се дел од образовниот процес на Република Македонија.

**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**